**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11.09.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3927 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на неделниот весник „Капитал", и тоа:

   - изданието бр.931/932 на неделникот „Капитал" од 01/08 септември 2017 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 11 септември 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали овој издавач на печатен медиум постапил по Решението за преземање мерка – опомена бр.03-311 од 29.06.2017 година.

Во член 14 став 1 од Законот за медиуми е утврдено дека *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

Со редовниот административен надзор спроведен на 27.06.2017 година (Писмен извештај бр.03-2910 од 27.06.2017 година) беше констатирано дека во изданието бр.920 на неделникот „Капитал" од 16.06.2017 година не е во целост исполнета обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

**Констатации од надзорот:** Со надзорот беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум во целост постапил по Решението за преземање мерка – опомена бр.03-311 од 29.06.2017 година, односно дека во целост ја исполнил обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***